# ПРИРАЧНИК

за креирање политики во Поглавје
20 – ПРЕТПРИЈАТИЈА И ИНДУСТРИСКА
ПОЛИТИКА

Проектот е финансиран
од Европската унија

**Публикација: ПРИРАЧНИК ЗА КРЕИРАЊЕ ПОЛИТИКИ ВО ПОГЛАВЈЕ 20**

**Издава:**
Фондација за менаџмент и индустриско истражување

MIR FOUNDATION

**За издавачот:**
Габриела Костовска Богоеска, извршна директорка

**Автори:**
м-р Ана Блажеска
д-р Марија Ристеска

**Лектура:**
Билјана Пепоска

Прирачникот е изработен во соработка со Центарот за истражување и креирање политики, во рамките на проектот „Јакнење на капацитетите и механизмите за поддршка на реформскиот процес на Поглавје 20 (YESNetwork+)" финансиран од Европската унија, програма ИПА за поддршка на граѓанското општество и медиумите 2015.

Скопје, 2018 година
www.yes-network.org
www.poglavje20eu.org, ресурсен центар

**Проектот е финансиран од Европската унија.**
Оваа публикација е изготвена со помош на Европската унија.
Содржината на публикацијата е единствена одговорност на Фондацијата за менаџмент и индустриско истражување и на никаков начин не може да се смета дека ги одразува гледиштата на Европската унија.

СОДРЖИНА

ВОВЕД ..... 5

1. ПРОЦЕС НА КРЕИРАЊЕ ПОЛИТИКИ ВО ПОГЛАВЈЕ 20 ..... 7

Модели на креирање политики ..... 7

Процес на креирање политики во Република Македонија ..... 8

Потреба и контекст за креирање политики во рамките на Поглавје 20 - Претпријатија и индустриска политика ..... 10

2. ЧИНИТЕЛИ ВО ПРОЦЕСОТ НА КРЕИРАЊЕ ПОЛИТИКИ ..... 12

3. ИНСТРУМЕНТИ ЗА КРЕИРАЊЕ ПОЛИТИКИ ..... 15

Инструменти кои се користат во креирањето политики во Поглавје 20 со практични примери ..... 15

4. ЕВРОПЕИЗАЦИЈА НА ИНДУСТРИСКА ПОЛИТИКА И ПРЕТПРИЈАТИЈА ..... 19

Процес на усогласување со европското законодавство и креирање политики во Поглавје 20 ..... 19

Клучни документи во Поглавје 20 ..... 21

Статус на приближување ..... 25

ЗАКЛУЧОЦИ ..... 26

КОРИСТЕНИ РЕСУРСИ ..... 28

## ДЕФИНИЦИИ

ЈАВНА ПОЛИТИКА е сè она што Владата ќе одлучи да направи или да не направи (Томас Дај) / Низа на испреплетени одлуки кои се преземени од еден политички актер или група чинители, а кои се однесуваат на изборот на цели и алатки за постигнување на тие цели, во област каде што политичкиот актер или групата на чинители имаат ингеренции да ги постигнат тие цели и да ги спроведат тие одлуки (Вилијам Џенкинс).

ПРОЦЕСОТ НА КРЕИРАЊЕ ЈАВНИ ПОЛИТИКИ претставува низа од активности насочени кон справување со одреден проблем или прашање.

ЧИНИТЕЛИ ВО ЈАВНИТЕ ПОЛИТИКИ се државни или недржавни субјекти (индивидуи и организирани групи) кои се вклучени или засегнати од процесот на креирање јавни политики.

ИНСТРУМЕНТИ НА ЈАВНА ПОЛИТИКА се средствата кои им се ставени на располагање на владите за да може со нивна помош да ги имплементираат политиките.

ЕВРОПЕИЗАЦИЈА на јавни политики се нарекува промената на политиките и законите за да се постигне нивно приближување кон законодавството и стандардите на ЕУ.

ACQUIS COMMUNAUTAIRE - француски термин со кој се означува севкупното „законодавство на Заедницата“, односно основачките договори и сите регулативи, директиви, резолуции, декларации и меѓународни договори на Европската Унија, како и пресудите на Европскиот суд на правдата.

# ВОВЕД

Јавната политика во демократските општества има цел да создаде јавна вредност преку обезбедување квалитетни јавни услуги, регулатива и активности организирани од државата со крајна цел создавање подобар квалитет на живот и овозможувачка средина во која сите граѓани можат да ги остваруваат своите права. Вклучувањето на граѓанските организации во креирање и следење на јавните политики придонесува кон подобрување на квалитетот и ефикасноста на јавните политики на тој начин што создава притисок врз државните институции да обезбедат транспарентност, инклузивност и отчетност на процесот пред граѓаните.

**Поглавје 20 – Претпријатија и индустриска политика** – ги опфаќа политиките и стратегиите кои водат кон поттикнување на конкурентноста преку забрзување на структурните реформи, создавање поволна деловна средина за отворање и водење бизнис и поддршка за домашни и странски инвестиции. Покрај тоа, Поглавје 20 става особен акцент на поддршката за мали и средни претпријатија како основен двигател на економскиот раст и отворањето нови работни места. Спроведувањето на овие политики засега е широк спектар на чинители со различни приоритети, цели и интереси и подразбира постојано јакнење на нивните капацитети и соработката меѓу сите нив. Според тематската поделба на Европската комисија, Поглавје 20 ги опфаќа следните области:

1. Индустриска политика,
2. Мали и средни претпријатија и политики поврзани со претпријатија,
3. Пристап до финансии,
4. Иновациска политика,
5. Секторски политики (автомобилска индустрија, туризам, фармацевтска индустрија, биотехнологија, хемиска индустрија, суровини, челик, шумска индустрија, електроиндустрија, текстилна индустрија, градежна индустрија),
6. Политики поврзани со вселената,
7. Одбранбена индустрија.

Овој прирачник се стреми да обезбеди целосна и детална рамка на процесот на креирање политики во Поглавје 20. Во тој контекст, прирачникот ги објаснува теоретските аспекти на процесот на креирање јавни политики и нуди практични примери на успешни политики во Поглавје 20 со цел да ги илустрира практичните аспекти и примената на различните алатки и инструменти кои им стојат на располагање на креаторите на политики. Поконкретно, **прирачникот има цел**:

- да даде вовед во основните концепти, поими и дефиниции за креирање политики;
- да го објасни на едноставен начин процесот на креирање политики во Поглавје 20 и да ги мапира сите засегнати актери во овој процес;
- да понуди основни алатки и методи со кои заинтересираните чинители би се вклучиле во креирањето политиките во поглавје 20;
- да даде примери на политики од Поглавје 20.

Прирачникот за креирање политики во Поглавје 20 е наменет за:

- Претставниците на невладините организации,
- Медиумите,
- Бизнис-заедницата,
- Академската заедница и
- Сите заинтересирани и засегнати страни од примената на регулативата на ЕУ во Поглавје 20

Прирачникот не ги покрива сите фази од циклусот на јавни политики, односно детално се посветува на процесот на креирање, но не и на системот на мониторинг и евалуација на спроведувањето на регулативите во Поглавје 20, поради тоа што тоа е тема на друг прирачник изработен во рамките на истиот проект, кој се занимава со формулирање на индикатори за следење на спроведувањето и евалуацијата. Оттаму, прирачникот прави јасна дистинкција помеѓу креирањето и следењето политики во областа на Поглавје 20.

Прирачникот е поделен на воведен дел, четири тематски поглавја и заклучоци. Воведниот дел нè запознава со поимот јавни политики и опсегот на Поглавје 20 воопшто. Првото поглавје започнува со теоретски дел за процесот на креирање јавни политики, краток опис на различните модели кои се користат и претставување на креирањето политики во Република Македонија, со посебен осврт на процесниот модел. Вториот дел се однесува на актерите во процесот на креирање политики, ги идентификува различните чинители во Поглавје 20 во Република Македонија и нивните улоги во циклусот на јавни политики. Третото поглавје дава преглед на инструментите кои се користат при креирањето политики во Поглавје 20 и примери од успешни политики на европско ниво. Четвртото поглавје ги претставува клучните документи (стратегии, закони) кои ги дефинираат политиките на европско и национално ниво и процесот на европеизација на македонското национално законодавство во областа на Поглавје 20, односно статусот на приближувањето со acquis communautaire на Европската Унија, како клучен аспект во приближувањето на македонските стандарди и принципи кон најдобрите европски практики. Во последниот дел прирачникот извлекува кратки заклучоци од секое поглавје и дава повеќе информации за проектот од којшто овој прирачник е составен дел.

# 1. ПРОЦЕС НА КРЕИРАЊЕ ПОЛИТИКИ ВО ПОГЛАВЈЕ 20

## Модели на креирање политики

Креирањето политики претставува процес на избор кое од можните решенија, односно политичките алтернативи ќе се усвои или ќе се искористи со цел надминување на проблемот на јавната политика. Во зависност од тоа како се носат одлуките и кој од чинителите има клучна улога, осмислени се повеќе модели на креирање политики.

**ПРОЦЕСЕН МОДЕЛ:** процесот на креирање политики се смета за средиште во чии рамки се судираат влијанијата на мноштво фактори/центри на моќ кои дејствуваат во иста насока. Теоретски може да се подели на неколку фази, кои заедно го сочинуваат циклусот на јавна политика, иако во пракса фазите не секогаш се одвиваат линеарно, туку честопати се преклопуваат и се соединети или паралелни. Носителите на одлуки делуваат причинско-последично според своите идеолошко-политички убедувања и интереси (подетално објаснето во следниот дел).

**РАЦИОНАЛЕН МОДЕЛ:** идеалистички модел во кој се смета дека централна улога има рационална индивидуа која ги спроведува следните последователни активности:

- Утврдува цел за решавање на проблемот на јавната политика;
- Ги разгледува сите алтернативни стратегии за постигнување на целта, влијанијата (позитивни и негативни) и можните последици;
- Ја усвојува стратегијата која на најефективен начин го решава проблемот и ја постигнува целта.

Главни недостатоци на овој модел се фактот што тој го занемарува човечкиот фактор, односно неможноста да се исклучат идеолошкиот и политичкиот багаж на носителите на одлуки. Освен тоа, претпоставува целосна информираност на Владата во однос на проблемот, влијанијата и последиците, што во пракса е нереално да се очекува.

**ИНКРЕМЕНТАЛИСТИЧКИ МОДЕЛ:** процесот на креирање политики се одликува со преговарање и постигнување компромис меѓу носителите на одлуки кои имаат изразен самоинтерес. Овој модел не носи иновативност и трансформација туку минималистички пристап и конзервативна тенденција на „справување“, односно само видоизменување на постојната политика и мало поместување од „статус кво“. Затоа, овој модел е погоден за земји кои се карактеризираат со стабилна политичка средина, а не за земји кои се соочуваат со континуирани проблеми во некоја област.

**ИРАЦИОНАЛЕН МОДЕЛ:** процесот на носење одлуки се смета за непредвидлив и нејасен процес во кој сите чинители бараат начин да ги остварат своите интереси и цели. Организациите се метафорично претставени како „канти за ѓубре“ во кои се истураат сите проблеми и можни решенија и од таа мешавина произлегуваат одлуките како резултат не на рационален избор, туку на организациска анархија. Процесот не е воден од причинско-последична поврзаност или однапред утврдени цели, туку целите, начините и средствата за нивно постигнување се

одбираат постепено, во текот на самиот процес. Овој модел најдобро покажува со колкав обем на проблеми, ресурси и решенија располага една организација и укажува на флексибилност во решавањето на проблемите на јавната политика што се заснова на преференции.

**ТЕОРИЈА НА ИГРИ:** го објаснува процесот на интерактивно носење одлуки. Може да биде некооперативна игра, кога играчите играат самостојно и не знаат (само претпоставуваат) што прават другите играчи, или кооперативна, кога играчите соработуваат меѓу себе. Играчите се натпреваруваат за ограничен број награди и исплата и се очекува да играат рационално, односно да преземат чекори од кои зависи исплатата. Секоја игра има свои правила. Теоријата на игри може да им помогне на чинителите во креирањето политики да извлечат корист од меѓусебните односи.

## Процес на креирање политики во Република Македонија

Во Република Македонија најчесто се **користи процесен модел** на креирање политики кој започнува со поставување на агендата и дефинирање на проблемот или дефинирање на цел која треба да се постигне со политиката која се креира. Продолжува со анализа на расположливите опции во коишто доминираат интересите и влијанијата на различни групи на интерес и центри на моќ, што подразбира дека процесот на креирање политики не е техничка постапка, туку политички процес во којшто има и победници и губитници. Затоа, лидерската функција на државниот орган, односно креаторот на политиката, е од клучно значење за координација на сите заинтересирани страни, испитување на влијанието на различни опции и донесување одлука како да се реши проблемот или како да се постигне целта. Циклусот завршува со евалуација, која има цел да обезбеди информации во однос на одвивањето на самиот процес и постигнатите резултати, коишто би требало да се искористат при донесување одлуки и избор на решенија во следниот циклус.

*Шематски приказ на процесен модел на креирање политики:*



Процесот на креирање политики во Република Македонија започнува со поставување политичката агенда, што се врши преку усвојување на Програмата за работа на Владата за 4 години, базирана врз политичката програма на партијата на власт. Понатаму, се операционализира со процесот на усвојување стратешки приоритети на Владата за соодветната година и подготовката на годишна програма. Продолжува со конкретизирање во секоја област со изработката на тригодишни стратешки планови и годишни програми на министерствата, придружени со соодветни акциски планови. Процесот на планирање се одвива паралелно и координирано со буџетското планирање, што се врши среднорочно, за период од 3 години, како и на годишно ниво, со процесот на подготовка на фискална стратегија и усвојувањето на годишниот буџет.

***Шематски приказ на поврзаноста на стратешкото и буџетското планирање на годишно ниво:***




Рамката за донесување конкретни одлуки и креирање политики е уредена во Деловникот за работа на Владата кој ги дефинира правата, одговорностите и улогите на управните органи, носителите на јавни функции и административните службеници. Процесот на креирање политики, односно усвојување стратешки документи и законски прописи, носење одлуки и оперативни заклучоци од страна на Владата, предвидува претходно спроведени меѓуресорски консултации со сите институции релевантни за конкретното прашање по пат на писмено доставување мислења, како и јавни консултации со засегнатите чинители преку трибини, дебати и пишана комуникација.

Кога станува збор за носење правно обврзувачки прописи, за консултации се користи Единствениот национален електронски регистар на прописи (ЕНЕР, достапен на www.ener.gov.mk), кој им овозможува на сите засегнати чинители (правни и физички лица) да дадат свој придонес во нивната изработка во рок од најмалку 10 дена пред прописите да влезат во владина постапка. На ЕНЕР, исто така, може да се најдат информации за Проценката на влијанието на регулативата (ПВР) врз општеството, економијата и животната средина, документ што институциите имаат

обврска да го подготват и приложат заедно со секое нацрт-законско решение доставено до Владата.

## Потреба и контекст за креирање политики во рамките на Поглавје 20 - Претпријатија и индустриска политика

Според Методологијата за анализа на политиките и координација на Владата на Република Македонија, јавната политика се дефинира како „процес за преземање или непреземање на активности од страна на Владата, Собранието или општината на локално ниво за да се реши одреден проблем или низа од меѓусебно поврзани проблеми, како и начин за утврдување насоки за остварување на утврдените цели“. Во тој контекст, Политиките во рамките на Поглавје 20 – Претпријатија и индустриска политика може да се дефинираат како ***„интервенција или политика на Владата која се стреми да го подобри деловното опкружување или да ја промени структурата на економската активност во конкретни сектори, технологии или активности со цел подобра перспектива за економски раст или општествена благосостојба“***. Овие политики честопати се темелат врз структурни реформи и имаат цел да го подобрат растот и развојот на конкретни економски сектори, како и конкурентноста на претпријатијата, особено малите и средните, кои се особено значајни за продуктивноста и одржливоста на националната економија.

Во пазарната економија, двигатели на активноста и промените се, пред сè, приватните ентитети и претприемачите со нивните бизнис-идеи и ризикот што го преземаат за да ги спроведат идеите на пазарот. Идеолошката дебата за поголема или помала интервенција на државата во пазарните процеси се отсликува во јавните политики кои се преземаат во рамките на Поглавје 20. Иако јавните политики и нивните креатори не можат целосно да ги предвидат резултатите на таквите пазарни процеси, сепак претставуваат важна алатка во дефинирањето на структурните реформи преку:

- Олеснување на процесите во кои влегуваат останатите чинители со цел да се надминат предизвиците во однос на информираноста и координацијата;
- Инвестирање во инфраструктура и развој на вештини кои би биле неопходни во иднина;
- Усогласување на структурните промени со пошироки и подлабоки општествени цели, како што се заштита на животната средина или создавање нови работни места.

Креирањето на успешни политики во Поглавје 20, исто како и во секоја друга област, подразбира **детална анализа на проблемот** со цел да се одлучи дали и каква интервенција е потребна од страна на креаторите на политики. Кога ќе се донесе одлука дека е потребно да се преземе нешто, се поставува прашањето што би требало и што би можело да се преземе. Иницијативата за преземање соодветни мерки може да дојде од страна на креаторите на политиките (владините институции), но и од

страна на корисниците на тие политики (бизнис-заедницата, граѓанското општество и/или граѓаните). При изборот на најсоодветна интервенција, креаторите на политики треба да ги имаат предвид следниве принципи:

- **Партнерство:** поаѓајќи од претпоставката дека креаторите на политики имаат само приближна идеја дали некоја економска активност заслужува поддршка или како приватниот сектор би реагирал на некоја политика, односно асиметријата во поглед на информираноста, принципот на партнерство упатува на непосредна и стратешка соработка меѓу креаторите на политики и приватниот сектор.

- ***Морков и стап*** **(награда и санкција):** политиките треба да содржат јасни и мерливи критериуми за успешност и да бидат придружени со принципи на условеност, периодични евалуации и мерки кои ќе направат разлика меѓу претпријатијата што можат да извлечат привремена корист од политиката и да продолжат понатаму да функционираат врз основа на пазарната динамика – од една страна, и оние претпријатија кои и покрај поддршката не би можеле да опстанат на пазарот – од друга страна.

- **Транспарентност и отчетност:** владините политики треба да постават јасни цели, да воведат редовно и објективно известување за нивното (не)постигнување и за соодносот меѓу трошоците и придобивките, и да бидат достапни и отворени за влез на нови чинители со цел да се спречи нивно „заробување“ од различни групи на интерес.

Јавните политики во Поглавје 20 претставуваат збир на стратешки документи, законски и подзаконски акти, мрежа на институции кои ги имплементираат нив, процедури кои треба да се применуваат, но и низа фактори кои влијаат врз спроведувањето на политиките, како што се интересите на крајните корисници на политиките – претпријатијата и граѓаните, правната и политичката култура, менталитетот и традицијата. Освен тоа, креирањето политики во Поглавје 20 мора да го земе предвид поширокиот развоен контекст во Република Македонија и регионот на Југоисточна Европа, како и современите текови, трендови и промени кои се случуваат на ниво на Европската Унија, но и пошироко.

Следните **фактори** се предуслов за дизајнот, спроведувањето и успешноста на политиките во Поглавје 20 во Република Македонија:

- Ограничени јавни финансии и мал простор за задолжување;
- Демографски притисок и стареење на населението;
- Зголемување на уделот на услугите наспроти производството;
- Растечка интернационализација;
- Инвестиции во иновации и технолошки развој како двигатели на раст;
- Неусогласеност во понудата и побарувачката на вештини на пазарот на труд.

# 2. ЧИНИТЕЛИ ВО ПРОЦЕСОТ НА КРЕИРАЊЕ ПОЛИТИКИ

Политиките се донесуваат во рамки на политички потсистеми/сектори во чии рамки функционираат повеќе чинители кои на различен начин и од различен аспект се справуваат со идентификуваниот проблем. Чинителите можат да бидат државни и недржавни, индивидуи и групи. Нивната внатрешна организација, принципи, норми, идеи и меѓусебната поврзаност се значајни бидејќи го оформуваат нивното однесување и интерес при донесувањето и спроведувањето на политиките.

Мапирањето на чинители во Поглавје 20 за целите на овој Прирачник како појдовна основа ја има Одлуката за образување работни групи за подготовка на Националната програма за усвојување на правото на Европската Унија (НПАА) и подготовка на преговарачките позиции за преговори за членство во Европската Унија. Идентификувањето е надополнето со преглед на клучните документи достапни на интернет-сајтовите на националните институции кои се членови на НПАА работната група за Поглавје 20 и информациите добиени преку контакти на авторите во рамките на формални и неформални средби со претставници на различни чинители вклучени во Поглавје 20. Понатаму, чинителите во Поглавје 20 се класифицирани според нивната улога и надлежност во процесот на креирање политики.

**Национални структури кои учествуваат во процесот на креирање политики**

Меѓуресорски и меѓусекторски структури кои иницираат усогласување со европското законодавство и креирање политики:

- Работен комитет за евроинтеграции – го претседава Заменикот на Претседателот на Владата на Република Македонија задолжен за европски интеграции, а го сочинуваат државните (генералните) секретари на институциите.
- Поткомитет на Работниот комитет за евроинтеграции – го претседава државниот секретар на Секретаријатот за европски прашања, а го сочинуваат раководителите на НПАА работните групи.
- НПАА работна група за Поглавје 20 – ја раководи претставник од Министерството за економија, а вклучува претставници од сите релевантни национални институции.
- Национален совет за претприемништво и конкурентност – највисок форум за национален бизнис-дијалог и развој на приватниот сектор кој обединува 17 стопански комори, бизнис-организации, кластери, академски институции и Македонската банка за поддршка на развојот и има директен соговорник во Владата во Заменикот на Претседателот на Владата на Република Македонија задолжен за економски прашања и координација на економските ресори.
- Економско-социјален совет - трипартитно тело формирано од Владата на Република Македонија и социјалните партнери (синдикати и организации на работодавачи) за водење социјален дијалог и создавање услови за економска и социјална стабилност.

**Тела во рамките на Собранието:**
- Комисија за европски прашања,
- Комисија за економски прашања.

**Национални институции кои се директно вклучени во креирањето политики:**
- Министерство за економија,
- Кабинет на Заменик-претседател на Владата на Република Македонија задолжен за економски прашања и координација на економските ресори,
- Кабинет на Претседателот на Владата на Република Македонија,
- Министерство за животна средина и просторно планирање,
- Министерство за труд и социјална политика,
- Министерство за финансии,
- Министерство за образование и наука,
- Министерство за информатичко општество и администрација.

**Национални институции кои обезбедуваат стручна поддршка во процесот на креирање политики:**
- Секретаријат за европски прашања,
- Секретаријат за законодавство,
- Државен завод за статистика.

**Национални институции задолжени за спроведување на политики во рамките на Поглавје 20:**
- Агенција за поддршка на претприемништвото на Република Македонија,
- Агенција за поддршка и промоција на туризмот ,
- Агенција за вработување на Република Македонија,
- Агенција за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Македонија,
- Министри без ресор задолжени за привлекување странски директни инвестиции,
- Министер без ресор задолжен за регулатива за подобрување на инвестициската клима за домашните претпријатија,
- Државен завод за индустриска сопственост,
- Дирекција за технолошки индустриски развојни зони.

**Национални институции со регулаторна улога:**
- Комисија за заштита на конкуренцијата

**Национални институции кои обезбедуваат финансирање:**
- Македонска банка за поддршка на развојот,
- Фонд за иновации и технолошки развој.

**Инкубатори**
Инкубаторите го поддржуваат развојот на претпријатијата преку обезбедување различни услуги во периодот на започнување со бизнисот и им помагаат да го прошират својот бизнис. Овие услуги најчесто вклучуваат советување при управувањето и планирањето, финансиска

помош, обезбедување работен простор со флексибилна кирија, канцелариски услуги и опрема. Преглед на постојните инкубатори во Република Македонија може да се најде на интернет-сајтот на Агенцијата за поддршка на претприемништвото.

**Европски програми за финансирање и поддршка на активности:**

- КОСМЕ – Програма на Европската Унија за конкурентност на мали и средни претпријатија која обезбедува поддршка за пристап до финансии, развивање култура за претприемништво, создавање поволна деловна средина, како и финансиски средства за интернационализација и пристап до пазари.
- Хоризонт 2020 - Програма на Европската унија која поддржува финансирање на проекти за истражување и иновации, мобилност на истражувачи, зајакнување на меѓународни мрежи на академската заедница и индустријата, стекнување нови знаења и експертиза, како и кофинансирање на одредени активности во јавниот сектор.
- ЕДИФ - Фондот за развој на претпријатијата и иновации за Западен Балкан (ЕДИФ) е финансиран од ЕУ и има цел подобрување на пристапот до финансиски средства за малите и средни претпријатија во регионот на Западен Балкан.
- ЕЕН (Enterprise Europe Network) – Глобална мрежа администрирана од страна на Извршната агенција за мали и средни претпријатија на ЕУ којашто им помага на малите и средните претпријатија кои имаат амбиција да се развиваат на меѓународен план преку обезбедување информации и вмрежување со партнери од ЕУ и трети земји. Локалната канцеларија на Enterprise Europe Network во Република Македонија е претставена преку конзорциум кој ги вклучува универзитетот Св. Кирил и Методиј, Фондацијата за менаџмент и индустриско истражување и Стопанската комора на Македонија.

**Други општествени чинители:**

- Социјални партнери (синдикати, организации на работодавачи, кластери и професионални здруженија),
- Стопански комори,
- Граѓански организации,
- Академска заедница.

# 3. ИНСТРУМЕНТИ ЗА КРЕИРАЊЕ ПОЛИТИКИ

## Инструменти кои се користат во креирањето политики во Поглавје 20 со практични примери

Инструментите за креирање политики се средствата кои им се ставени на располагање на владите за да ги реализираат целите и да ги надминат проблемите во дадена област. Предуслов за постоење активна политика во некоја област претпоставува одлука за интервенција на владата која е придружена со низа активности за спроведување на таа одлука. Инструментите кои им се на располагање на креаторите на политики во Поглавје 20 можат да се поделат:

според опфатот на корисници на:

- **Селективни** – насочени кон определен сектор, технологија или активност, како на пример: директна и индиректна поддршка за конкретни индустрии и претпријатија преку субвенции, кредити, даночни олеснувања, царини и квоти при увоз, и
- **хоризонтални** – насочени кон подобрување на општите услови во некоја област или во деловното опкружување, како на пример: поддршка преку јакнење на капацитети, олеснување на процедури, развој на вештини, инвестиции во инфраструктура.

Селективните инструменти можат да бидат:

- дефанзивни/реактивни, кога имаат цел да одговорат на некоја акутна негативна промена во економијата – како на пример: различните мерки преземени во повеќе европски земји со цел справување со последиците од економско-финансиската криза во 2008-2009.
- стратешки, кога имаат цел да ги истражат и искористат компаративните предности на земјата за поттикнување на економски раст и развој.

Пример 1: **Фонд за стратешки инвестиции – Франција**

Како една од мерките предвидени за надминување на рецесијата во 2008 година, Франција воспостави Фонд за стратешки инвестиции, кој поддржува инвестиции во растечки претпријатија и синџири на добавувачи, финансиран со 35 милијарди евра. Приоритет беше даден на спиноф претпријатија од универзитети и истражувачки центри, мали и средни претпријатија и сектори како дигитална економија, нано- и биотехнологија, обновливи извори на енергија и еколошки возила.

Пример 2: **Иницијатива ТОП СЕКТОРИ – Холандија**

Политиката за претпријатија и иновации, воведена во 2011, предвидува секторски пристап со специфични мерки за 9 утврдени приоритетни сектори во кои Холандија смета дека има извонредност: води, храна, хортикултура, нови технологии, биологија и поврзани дисциплини (здравство, генетика, молекуларна биологија, биотехнологија итн.), енергетика, логистика и креативни индустрии. Владата обезбедува поддршка за претпријатија кои развиваат иновативни производи во овие области преку кредити за иновации, грантови и даночни олеснувања.

според конкретната област на интервенција, инструментите на јавните политики во Поглавје 20 се делат во следните групи:

| Област | Инструменти |
|---|---|
| Економски сигнали и поттик | ▪ Заштита на интелектуалната сопственост.<br>▪ Регулирање на цените.<br>▪ Монетарна политика.<br>▪ Девизна политика.<br>▪ Даночна политика. |
| Научно-технолошки иновации | ▪ Политика кон наука.<br>▪ Финансирање за универзитетски и други истражувања.<br>▪ Поддршка за напредни технолошки проекти.<br>▪ Воспоставување на истражувачки центри.<br>▪ Субвенции и даночни олеснувања за истражување и развој . |
| Учење и подобрување на технолошките вештини | ▪ Политика кон образование и обука.<br>▪ Идентификување на национални истражувачки приоритети.<br>▪ Субвенции или даночни олеснувања за обука на работно место.<br>▪ Програми за стекнување и подобрување на вештините.<br>▪ Меѓународна соработка во образование и истражување.<br>▪ Поттик за странски директни инвестиции. |
| Селективна поддршка за конкретни индустрии | ▪ Наметнување на тарифи и/или квоти.<br>▪ Поддршка/субвенции за извоз.<br>▪ Воспоставување на посебни економски зони.<br>▪ Користење на државни претпријатија или приватизација.<br>▪ Обезбедување на јавни услуги кои се користат при производство (на пр.: електрична енергија).<br>▪ Насочено финансирање/субвенции.<br>▪ Обезбедување јавни гаранции.<br>▪ Политика на јавни набавки. |

| | |
|---|---|
| Механизми за селекција | ▪ Регулатива за влез и излез на претпријатија на пазарот.<br>▪ Политичка волја да се прекине поддршката за неуспешните претпријатија.<br>▪ Политика за спречување картели и заштита на конкуренција.<br>▪ Поддршка за домашни извозни компании.<br>▪ Преференцијален пристап до финансии.<br>▪ Финансии за долгорочен развој. |
| Дистрибуција на информации | ▪ Механизми за колективна акција.<br>▪ Унапредување на стандарди.<br>▪ Користење на консултативни форуми.<br>▪ Користење на стопански комори.<br>▪ Поттикнување на соработката и поврзувањето меѓу претпријатијата.<br>▪ Маркетинг на извозните индустрии.<br>▪ Дисеминација на успешни искуства. |
| Подобрување на конкурентноста на претпријатијата и претприемништвото | ▪ Обезбедување или субвенционирање на обука за менаџмент.<br>▪ Мониторинг и поддршка за (мали и средни) претпријатија.<br>▪ Инфраструктура, финансирање и менаџмент за формирање на инкубатори и кластери.<br>▪ Промовирање на јавно-приватни партнерства.<br>▪ Локациски маркетинг.<br>▪ Надградба на економска инфраструктура.<br>▪ Создавање на инвестициски фондови. |

Политиките најчесто предвидуваат комбинација – микс од различни инструменти кои имаат комплементарна/синергетска улога и заедно водат кон постигнување на иста цел или цели.

Пример 3: **Паметна(смарт) специјализација – Европска комисија**

Европската комисија во 2011 година започна да го развива пристапот на паметна специјализација, кој има цел повисок економски раст и создавање нови работни места преку идентификување и развивање на компаративните предности на регионално ниво. Преку вмрежување и партнерство на различни општествени чинители (регионални и национални власти, академска и бизнис-заедница и граѓанско општество), со советодавна и финансиска поддршка од ЕУ, се поттикнува развој на долгорочни стратегии за раст заснован на иновации и инвестиции во области каде што регионите имаат конкурентна предност.

Претворање на идеи во економски успех – регион Запад, Романија

Стратегијата за паметна специјализација се фокусира на улогата на инкубаторите и другите структури за поддршка на претприемништвото во јакнењето на иновативните претпријатија во дигиталниот сектор, каде што регионот има компаративна предност. Со поддршка на Европскиот регионален фонд, запуштената индустриска област да се претвори во центар кој охрабрува дигитален развој и креативност. Во Темишвар се отвори стартап инкубатор посветен на млади дипломци кои сакаат да започнат бизнис во областа на дигиталната технологија. Младите претприемачи добиваат логистичка поддршка, консултантски и сметководствени услуги, како и можност да се интегрираат во растечката информатичко-технолошка индустрија во регионот.

Пример 4: **Стратегија за ЗЕЛЕН РАСТ на ОЕЦД**

Стратегијата предвидува пакет хоризонтални и селективни инструменти кои имаат цел да се справат истовремено со економските и еколошките предизвици и да создадат нови можности за раст. Мерките вклучуваат:

- Поддршка за поголема продуктивност преку поефикасно користење на природните ресурси, намалување на отпадот и трошењето на енергија;
- Создавање нови можности за инвестиции преку креирање политики и услови за справување со еколошките предизвици;
- Создавање нови пазари и нови работни места преку стимулирање на побарувачката на зелени технологии, стоки и услуги;
- Зајакнување на довербата кај инвеститорите преку обезбедување предвидливост во однос на начините со кои Владата се справува со еколошките прашања;
- Макроекономска рамнотежа, стабилност на цените и поддршка за фискална консолидација преку преглед на составот и ефикасноста на јавните расходи и зголемени приходи преку оданочување на загадувањето.

# 4. ЕВРОПЕИЗАЦИЈА НА ИНДУСТРИСКА ПОЛИТИКА И ПРЕТПРИЈАТИЈА

## Процес на усогласување со европското законодавство и креирање политики во Поглавје 20

Промената на политиките и законите за да се постигне приближувањето кон ЕУ се нарекува европеизација на политики. Европеизацијата е севкупната рамка која води кон надворешен трансфер на ЕУ политиките и правилата и нивно последователно усвојување од страна на земји кои не се членки на Унијата на политичките и економските критериуми и имплементација на acquis communautaire. Европеизацијата во таа смисла е процес на **(а) создавање (б) дифузија и (в) институционализација на формалните и неформалните правила**, процедури и политички парадигми и споделени верувања и норми кои се дефинирани и консолидирани во процесот на креирање политики на ЕУ и инкорпорирани во логиката на домашниот дискурс, идентитетските и политичките структури и јавни политики.

Сепак, на европеизацијата не треба да се гледа како на домашна реакција или одговор на европската политика. Напротив, европската политика е повеќеслојна и на неа треба да се гледа повеќе во правец оддолу-нагоре отколку одгоре-надолу. Овој процес е интерактивен и почнува и завршува на домашно ниво. Секоја земја во процесот на европеизација започнува од различни почетни позиции и различни алатки на креирање политики се применливи кај различните земји. Адаптацијата на националните политики, промената на националните институции и создавањето нови актери е со цел да се одговори на притисокот за адаптација во развојот на политиките, програмирањето, буџетирањето и имплементацијата. Европеизацијата секогаш е придружена со награди (како на пример: финансиска помош, пристапување кон определен договор и конечно членство во ЕУ) на земјите-кандидатки доколку тие направат одредено политичко или институционално приспособување.

**Клучна институција надлежна за креирање и координација на политики во Поглавје 20 – Претпријатија и индустриска политика претставува Министерството за економија.** Но, поради хоризонталната природа и широкиот спектар на сектори во кои навлегуваат политиките од ова поглавје, потребен е мултидисциплинарен пристап кој ги вклучува и главните чинители во областите образование, наука и иновации, животна средина и одржлив развој, финансии, трговија и социјална политика. Институционалниот пејзаж е составен од погоре наведените чинители кои вклучуваат министерства, агенции, независни тела и други јавни институции кои во рамките на процесот на креирање политики и нивните надлежности треба да соработуваат со планските региони, локалните власти, приватниот сектор, граѓанското општество и академската заедница. Ваквото одлучување и креирање политики се вика партиципативен процес на одлучување и неговата функционалност и успешност го одразува демократскиот капацитет на едно општество.

***Шематски приказ на процесот на усогласување со европското законодавство, креирање и спроведување политики во Поглавје 20:***




На ниво на ЕУ, областите од Поглавје 20 се претежно регулирани со меки правни инструменти (принципи од основачките договори, известувања од Европската комисија до Парламентот и Советот, препораки, заклучоци на Советот на ЕУ) и во помала мера со регулативи кои директно се применуваат и директиви кои треба да се транспонираат во националното законодавство на земјите-членки и кандидатки. На национално ниво, во Република Македонија материјата е уредена со неколку закони и повеќе стратешки документи (стратегии, програми и акциски планови) кои предвидуваат различни мерки за унапредување на индустриската политика, создавање поповолна деловна средина, јакнење на конкурентноста и иновациите, пред сè за малите и средни претпријатија.

| Клучни документи во Поглавје 20 | | |
|---|---|---|
| На ниво на ЕУ | На национално ниво | |
| ▪ Актот за мали претпријатија<br>▪ Директива 2011/7/ЕУ за доцнење при исплатите во деловните трансакции<br>▪ Стратегија Европа 2020, односно Стратегија Југоисточна Европа 2020<br>▪ Акциски план Претприемништво 2020 | ▪ Стратешки документи<br>▪ Индустриска политика на Република Македонија 2009-2020<br>▪ Национална стратегија за мали и средни претпријатија 2018-2023<br>▪ Програма за економски реформи 2017-2019<br>▪ Стратегија за иновации 2012-2020<br>▪ Стратегија за претприемничко учење 2014-2020<br>▪ Национална стратегија за одржлив развој во република Македонија 2009 - 2030<br>▪ Стратегија за регионален развој на Република Македонија 2009-2019<br>▪ Национална стратегија за туризам 2016-2021<br>▪ План за економски раст (2018) | ▪ Регулатива<br>▪ Закон за трговски друштва<br>▪ Закон за државна помош<br>▪ Закон за финансиска поддршка на инвестиции<br>▪ Закон за основање на Агенцијата за поддршка на претприемништвото<br>▪ Закон за основање на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот<br>▪ Закон за основање на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот<br>▪ Закон за иновациска дејност<br>▪ Закон за финансиска дисциплина |

*ИНДУСТРИСКА ПОЛИТИКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА 2009-2020* е сеопфатен документ кој утврдува проактивна индустриска политика и ја поттикнува насоченоста на македонската индустрија кон создавање производи и услуги со повисока додадена вредност базирани на знаење, иновации и соработка.  Притоа овој политички документ утврдува дека иднината на македонската индустрија е во развојот на способностите за применети истражувања и производство на одржливи, органски и специјализирани високотехнолошки производи и услуги кои ги задоволуваат потребите на меѓународните сегментирани и специјализирани пазари.  Целта која ја поставува до 2020 година е следната: Република Македонија да развие динамичен спој на одржливи и автентични индустрии, како: органско вино и храна, екочелик, еколошко градежништво, креативни индустрии, информатички и комуникациски технологии, медицинска опрема и услуги, автентичен туризам и други индустрии. Документот се фокусира на пет области за интервенција: 1) меѓународна соработка и поттикнување на СДИ, 2) применети истражувања, развој и иновации, 3) еколошки производи и услуги за одржлив раст, 4) развој на МСП и претприемништво, и 5) соработка во кластери и мрежи.

*НАЦИОНАЛНА СТРАТЕГИЈА ЗА МАЛИ И СРЕДНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА 2018-2023 -* дефинира рамка за соработка меѓу чинителите од јавниот и приватниот сектор и граѓанското општество со цел поддршка на развојот на МСП и иновативноста, а во насока на зголемување на нивната конкурентност. Визијата на стратегијата е малите и средни претпријатија - МСП во 2023 да прераснат во двигатели на инклузивниот економски раст во Македонија и во создавањето на продуктивни и одржливи работни места.

*ПРОГРАМА ЗА ЕКОНОМСКИ РЕФОРМИ 2018-2020* е стратешки документ поврзан со членството на Република Македонија во ЕУ кој се ажурира на годишна основа и ги опфаќа клучните предвидени реформи во индустријата, внатрешниот пазар, образованието, транспортот, енергијата и животната средина со цел подобрување на конкурентноста на македонската економија.

*СТРАТЕГИЈА ЗА ИНОВАЦИИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2012-2020* е политички документ заснован на следнава визија: Стратегијата за иновации ќе ги движи конкурентноста и економскиот развој врз основа на знаењата и иновациите, создавајќи вработувања со висока вредност и просперитет за македонските граѓани. До 2020 година, Република Македонија треба да има ефективен систем за национални иновации, создаден заедно од сите чинители и отворен кон светот. Владата ќе ги постави истражувањето и иновациите во срцта на нејзините политики и ќе осигури соодветна финансиска поддршка. Со цел да се исполни оваа визија, дефинирани се четири стратешки цели: (1) Зајакнување на капацитетот на бизнис-секторот за внесување иновации; (2) Зајакнување на човечките ресурси за иновации; (3) Создавање на регулаторно опкружување за поддршка на иновациите; (4) Зголемување на размената на знаења помеѓу чинителите во областа на иновациите.

*НАЦИОНАЛНА СТРАТЕГИЈА ЗА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА 2009 – 2030* е политички документ кој го дефинира одржливиот развој како континуиран процес, којшто бара постојано прилагодување, следење и подобрување. Стратегијата е насочена кон одржлива интеграција на туризмот, шумарството, земјоделството и индустрискиот сектор со одржлива поддршка од енергетскиот сектор, инфраструктурата и секторот за транспорт. Секторот животна средина е предвиден да има хоризонтална и поврзувачка улога. Стратегијата се спроведува во три фази: (1) прва фаза наречена фокусирање (2009-2010); (2) втора фаза наречена созревање (2010-2015); и (3) трета фаза наречена имплементирање (2015-2030).

*СТРАТЕГИЈА ЗА РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА 2009-2019* - е политички документ насочен кон имплементација на моделот на полицентричен развој кој има цел да ги намали диспаритетите во развој меѓу планските региони. Стратешките цели на стратегијата се две: (1) да се создадат конкурентни плански региони кои ќе се одликуваат со динамичен и одржлив развој; и (2) да се зголеми демографската, економската и социјалната кохезија помеѓу планските региони.

*СТРАТЕГИЈА ЗА ПРЕТПРИЕМАЧКО УЧЕЊЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА 2014-2020* е политички документ со цел да го подобри оспособувањето и

доживотното обучување на наставниците со соодветна пофлексибилна наставна програма и дополнително да го подобри севкупниот екосистем за претприемачко учење во Република Македонија. Визијата е земјата да прерасне во средина со високо развиени претприемачка култура и дух кои не се поврзани со возраста и кои ќе ги инспирираат сите лица во општеството преку креативност, иновации, иницијативност и конкурентен став кон учењето.

*НАЦИОНАЛНА СТРАТЕГИЈА ЗА ТУРИЗАМ 2016-2021* е секторски стратешки документ кој ги опфаќа клучните реформи и активности во областа на туризмот коишто треба на среден рок да придонесат за развој на различни видови туризам и да ја промовираат Македонија како атрактивна туристичка дестинација.

*ПЛАНОТ ЗА ЕКОНОМСКИ РАСТ* усвоен во 2018 година предвидува низа мерки насочени кон зголемување на економскиот раст преку создавање на поволни услови за водење бизнис за домашните и странските инвестиции, поттикнување на иновациската дејност и технолошкиот развој и создавање нови работни места.

| | |
|---|---|
| ЗАКОН ЗА ДРЖАВНА ПОМОШ | Службен весник бр.145/2010 |
| ЗАКОН ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА ИНВЕСТИЦИИ | Службен весник бр.83/2018 |
| ЗАКОН ЗА ОСНОВАЊЕ НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ПОДДРШКА НА ПРЕТПРИЕМНИШТВОТО | Службен весник бр. 60/2003, 161/2009 |
| ЗАКОН ЗА ОСНОВАЊЕ НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ПРОМОЦИЈА И ПОДДРШКА НА ТУРИЗМОТ | Службен весник бр. 103/2008, 59/2012, 156/2010, 187/2013 и 41/2014 |
| ЗАКОН ЗА ИНОВАЦИСКА ДЕЈНОСТ | Службен весник бр. 79/2013, 137/2013, 41/2014, 44/2015 и 6/2016 |
| ЗАКОН ЗА ФИНАНСИСКА ДИСЦИПЛИНА | Службен весник бр. 187/2013, 201/2014 и 215/2015 |
| ЗАКОНОТ ЗА ТЕХНОЛОШКИ ИНДУСТРИСКИ РАЗВОЈНИ ЗОНИ | Службен весник бр.14/2007, 103/2008, 130/2008, 139/2009, 156/2010 и 127/2012 |
| ЗАКОН ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА ИНВЕСТИЦИИ | Службен весник бр. 83/2018 година |
| ЗАКОН ЗА СТЕЧАЈ | Службен весник бр. 34/2006, 126/2006, 84/2007, 47/11, 79/13 и 29/14 |

| | |
|---|---|
| ЗАКОН ЗА ЕДНОШАЛТЕРСКИОТ СИСТЕМ И ЗА ВОДЕЊЕ НА ТРГОВСКИОТ РЕГИСТАР И РЕГИСТАР НА ДРУГИ ПРАВНИ ЛИЦА | Службен весник на Република Македонија бр. 84/2005, 13/2007, 150/2007, 140/2008, 17/2011, 53/2011, 70/2013, 115/2014, 97/2015, 192/2015 и 53/2016.<br>Одлука на Уставниот суд на Република Македонија У. бр. 68/2007 од 12-ти септември 2007 година, објавена во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 115/2007; У. бр. 145/2008 од 20-ти јануари 2009 година објавена во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 17/2009 и У. бр. 68/2009 од 10-ти февруари 2010 година, објавена во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 28/2010 |
| ЗАКОН ЗА ТРГОВСКИТЕ ДРУШТВА | Службен весник на Република Македонија бр. 28/2004, 84/2005, 25/2007, 87/2008, 42/2010, 48/2010, 24/2011, 166/2012, 70/2013, 119/2013, 120/2013, 187/2013, 38/2014, 41/2014, 138/2014, 88/2015, 192/2015, 6/2016 и 61/2016.<br>Одлуки на Уставниот суд на Република Македонија У. бр. 177/2005 од 24-ти мај 2006 година, објавена во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 71/2006; У. бр. 177/2008 од 14-ти јануари 2009 година, објавена во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 17/2009; У. бр. 153/2008 од 11-ти февруари 2009 година, објавена во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/2009; У. бр. 75/2010 од 12-ти јануари 2011 година, објавена во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 8/2011 и У. бр. 169/2010 од 9-ти февруари 2011 година, објавена во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 21/2011. |
| ЗАКОН ЗА ОСНОВАЊЕ НА АГЕНЦИЈА ЗА СТРАНСКИ ИНВЕСТИЦИИ И ПРОМОЦИЈА НА ИЗВОЗОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА | Службен весник на Република Македонија бр.57/2010, 36/2011 и 41/2014 |

## СТАТУС НА ПРИБЛИЖУВАЊЕ

Индустриската политика на ЕУ ја зајакнува конкурентноста, ги олеснува структурните промени и охрабрува создавање поволна деловна средина која особено ги стимулира малите и средните претпријатија. Извештајот за напредок во приближувањето со Европската Унија од 2018 година утврдува дека земјата е умерено подготвена во однос на Поглавје 20 и дека во периодот 2016-2018 година не е постигнат напредок. Извештајот препорачува да се продолжи со приспособување на правната рамка и развивање на мерки за да се олесни пристапот на МСП до финансии. Исто така, се препорачува да се донесе Стратегија за промовирање на женското претприемништво, нова Стратегија за индустриска политика и нова Стратегија за туризам, како и да се обезбедат повеќе мерки кои ќе им овозможат пристап до финансии на малите и средните претпријатија. Европската Унија смета дека треба да се воведат нови иницијативи со кои ќе се унапредат вештините на претпријатијата, особено малите и средните, со цел тие да усвојат нови методи на работа, производство и нови технологии. Истовремено, на државните институции им се препорачува развој на мерки за директни инвестиции во домашни компании, со што ќе се пренасочи вниманието од странските директни инвестиции кои беа во центарот на државните политики за економски раст и развој.

## ЗАКЛУЧОЦИ

Овој прирачник е наменет, пред сè, за граѓанските организации кои сакаат да стекнат знаење од областа на креирање јавни политики во Поглавје 20 – Претпријатија и индустриска политика за да може да се вклучат како активни чинители во процесот на креирањето политики. Во рамките на различните модели за креирање политики кои се користат на европско и светско ниво, прирачникот се задржува на процесниот модел, кој е најчесто користен модел во Република Македонија. Потребата за креирање политики во Поглавје 20 е водена од идеолошки и/или политички мотиви и определена од поширокиот економски и општествен контекст. Креирањето политики е процес кој за да биде успешен, мора да се темели на партнерство меѓу државните институции приватниот сектор, транспарентност, отчетност и објективна евалуација со цел да се утврдат постигнатите резултати и следните насоки.

Во рамки на фазите на процесниот модел, идентификуваните чинители имаат различна улога и надлежност кои овозможуваат тие да се класифицираат во: национални меѓуресорски тела и институции кои учествуваат во процесот на креирање политики, институции кои обезбедуваат стручна поддршка или финансирање, регулаторни тела, институции задолжени за спроведување на политиките, инкубатори, европски програми за поддршка и други општествени чинители. Креаторите на политики, од своја страна, имаат на располагање широка палета на инструменти со кои можат да ги реализираат зацртаните цели. Во зависност од тоа кон кого се насочени, инструментите може да бидат селективни или хоризонтални, а во зависност од тоа што ги мотивира - дефанзивни или стратешки. Прирачникот нуди конкретни примери на инструменти поделени според областа на интервенција и неколку успешни приказни од земји-членки на ЕУ, како илустрација на широкиот опфат на политики на Поглавје 20.

Процесот на креирање на јавни политики во Поглавје 20 се вклопува во контекстот на европеизација на индустриската политика и претпријатијата. Во таа смисла, рамката на креирање политики е дефинирана со acquis communautaire на европско ниво и со низа усогласени национални стратешки документи и закони кои треба да придонесат кон целосното усвојување на европските стандарди и најдобри практики во оваа област. Извештајот за Република Македонија подготвен од страна на Европската комисија претставува најрелевантен документ во однос на степенот на усогласеност со европското законодавство и подготвеноста за членство во ЕУ, кој врши проценка на усогласеноста, ги идентификува слабостите и предизвиците и ги дефинира следните чекори на земјата во однос на Поглавје 20.

Овој прирачник е изработен во рамките на проектот **„Јакнење на капацитетите и механизмите за поддршка на реформскиот процес на Поглавје 20"**, кој започна во мај 2017 година во реализација на проектните партнери Фондација за Претприемачки сервис за млади, Фондација за Менаџмент и индустриско истражување и Здружение за

рурален развој „Јавор“ -Зрновци. Проектот е финансиран од Европската Унија преку ИПА Програмата за поддршка на граѓанско општество и медиуми 2015 и ќе трае до мај 2019 година.

Главната цел на проектот е активно вклучување во реформскиот процес на Поглавје 20 преку структурирани напори од страна на мрежата на граѓански организации „YES Network“ (www.yes-network.org). Мрежата беше креирана во 2014 година и претставува моќен механизам за координација и поврзување на граѓанските организации со јавниот и приватниот сектор на полето на претприемништвото. Преку имплементација на активностите, проектот цели да постигне координација помеѓу граѓанските организации во реформскиот процес за Поглавје 20, да ги зајакне капацитетите на граѓанските организации за креирање политики, вмрежување и следење на политиките за Поглавје 20 на национално и локално ниво, да се подобри координацијата и трансферот на знаење помеѓу граѓанските организации и останатите релевантни чинители и да се подигне свеста за значењето на Поглавје 20 за целокупниот напредок на земјата кон ЕУ.

Главни резултати на проектот се очекува да бидат:

- Основање платформа „Поглавје 20“ и ресурсен центар за следење и евалуација на имплементацијата на Поглавје 20 - Претпријатија и индустриска политика;
- Зголемени капацитети на граѓанските организации за креирање и следење политики и вмрежување преку регрантирани проектни активности и обуки;
- Подготовка на политики преку креирање документи за јавни политики, експертски обуки и интернационален форум за најдобри практики;
- Зголемена свест за важноста на Поглавје 20 во процесот на пристапување кон ЕУ, преку разновидни активности за дисеминација.

Ресурсниот центар на Поглавје 20 (www.poglavje20eu.org), покрај останатото, ќе овозможи пристап и до алатките на Поглавје 20, чиј составен дел е и овој прирачник, а кои имаат цел градење на капацитети на граѓанските организации преку подобро разбирање на процесите на креирање политики, како и преку унапредување на вештините за мониторинг и застапување.

# КОРИСТЕНИ РЕСУРСИ


Влада на Република Македонија. Одлука за образување на работни групи за подготовка на Националната Програма за Усвојување на Правото на Европската Унија и подготовка на преговарачките позиции за преговори за членство во Европската Унија. Службен весник на Република Македонија 137/2009.
Достапно на
http://www.slvesnik.com.mk/Issues/81E77E99EFFED84088D1938AC3146232.pdf

Ристеска, М. Јавна политика, анализа на јавни политики и јавна вредност. Фондација Конрад Аденауер и ФОН Универзитет. Скопје. 2017.
Достапно на http://www.kas.de/mazedonien/en/publications/51453/

Влада на Кралството Холандија. Иновациска политика.
Достапно на
https://www.government.nl/topics/enterprise-and-innovation/encouraging-innovation

Интернет-сајтови на министерствата и другите институции наведени во поглавјето 3 -ЧИНИТЕЛИ

Donor Community for Enterprise Development. Private sector development synthesis note. September 2017.
Достапно на
https://www.enterprise-development.org/wp-content/uploads/DCED_IP_SynthesisNote.pdf

European Commission. Country Report on the Republic of Macedonia. April 2018.
Достапно на
https://ec.europa.eu/neighbourhood-enlargement/sites/near/files/20180417-the-former-yugoslav-republic-of-macedonia-report.pdf

European Commission. Smart Specialisation Platform.
Достапно на
http://s3platform.jrc.ec.europa.eu/what-is-smart-specialisation-

UNECA. Theoretical Perspectives on Industrial Policy. 2016.
Достапно на https://www.uneca.org/sites/default/files/PublicationFiles/tipa-chap3_en.pdf

Warwick, K. Beyond Industrial Policy – Emerging Issues and New trends. OECD Science, Technology and Industry Papers, No.2 OECD Publishing. 2013.
Достапно на
http://dx.doi.org/10.1787/5k4869clw0xp-en

**Проект:**
„Јакнење на капацитетите и механизмите за поддршка на реформскиот процес на Поглавје 20"

**Контакт:**
Фондација за менаџмент и индустриско истражување
ул. „16-та македонска бригада", бр. 13 Б (п. Фах 776),
1000 Скопје
www.mir.org.mk 02/3108 891

**Проектот е имплементиран од:**

Фондација за претприемачки сервис за млади

Фондација за менаџмент и индустриско истражување

Здружени за рурален развој „Јавор"

**Проектот е финансиран од Европската унија.**
Оваа публикација е изготвена со помош на Европската унија. Содржината на публикацијата е единствена одговорност на Фондацијата за менаџмент и индустриско истражување и на никаков начин не може да се смета дека ги одразува гледиштата на Европската унија.